Меѓукултурен дијалог помеѓу младите
Збирка поезија и проза

# ЈАС И МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ





ЈАС И МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ

Меѓукултурен дијалог помеѓу младите
Збирка поезија и проза

# ЈАС И МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ

ГРУПА АВТОРИ

**Издавач:**
Коалиција на младински организации СЕГА

**Дизајн и техничка подготовка:**
Моника Илиоска Кантарџиоска

**Тираж:**
250 примероци

Проект „Промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Македонија“

СЕГА, ноември 2011 година

## СОДРЖИНА

Вовед ........................................ 5

Пријателство - Разман Равманоски ........................................ 7

Кога би можела да променам - Ивана Таскова ........................................ 9

Јас и мојот пријател - Емилија Карафилоска ........................................ 10

Збор - Марија Попеска ........................................ 11

Песна за пријателството - Викторија Сиљаноска ........................................ 13

Лист бел - Амра Малоска ........................................ 14

Јас и мојот пријател - Елизабета Кипроска ........................................ 15

Вечни пријатели - Милка Јосифовска ........................................ 16

Јас и мојот пријател - Маркона Дуцеска ........................................ 19

Светот како единство на различности - Андреа Манев ........................................ 20

Мојот пријател - Маја Милеска ........................................ 24

Јас и мојот пријател - Мартина Ѓорѓевска ........................................ 25

Незгасната ѕвезда - Ана Попаѓиноска ........................................ 28

Пат кон совршената реалност - Марија Саваевска ........................................ 29

Животот на младите во меѓукултурното општество (пораки за пријателство - Асмира Демироска ........................................ 31

Сплотени сме посилни - Симона Колоска ........................................ 34

Јас и мојот пријател - Сања Дуковска ........................................ 36

Пријателството е најголемото богатство - Ива Томовска ........................................ 38

Пријателство без граници - Кристина Бушеска ........................................ 39

Јас и мојот пријател - Сандра Ефтимовска .................................. 41

Меѓусебните разлики на ентитетите - цивилизациска придобивка - Александар Браноски .................................................... 42

Јас и мојот пријател - Сања Ѓотѓиоска .......................................... 44

Промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите - Анѓела Крстевска ............................................................... 45

Пријателство - Кристина Блажеска; Васко Маркоски ................. 47

Различни но слични - заедно посилни - Кристина Алексиевска .. 48

Јас и мојот пријател - Верица Гаврилоска .................................... 50

За Коалиција СЕГА ......................................................................... 53

## ВОВЕД

Збирката поезија и проза „Јас и мојот пријател“ е книга во која се пишува за пријателството, меѓуетничка толеранција, соживот и разбирање.
„Кога би можела да променам“ заедно со „Мојот пријател“, „Различни но слични – заедно посилни“ преку „Збор“ напишан на „Лист бел“ да го воздигнеме „Пријателството“ затоа што „Пријателството е најголемо богатство“ да останеме „Вечни пријатели“ и да го разбереме „Светот како единство на различности“ на „Патот кон совршената реалност“, затоа што „Сплотени сме посилни“ за да ги пренесеме нашите „Пораки за пријателство“ за надминување на „Меѓусебните разлики...“ во „Промовирање на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите“. За ова говорат младите автори кои ги пренесуваат своите пораки до своите врсници преку пишаниот збор во оваа книга.
Од 2010 година, Коалиција на младински организации СЕГА го спроведува проектот „Промовирање на меѓукултурниот дијалог на младите во Република Македонија“. Проектот се спроведува во Охрид, Струга, Дебар, Кичево, Гостивар, Тетово, Куманово и Скопје. Целта на овој проект е да се развие соживот помеѓу младите од различна етничка, национална, културна и верска припадност, меѓусебно почитување и разбирање, особено во мултиетничките средни училишта.
Во состав на проектните активности е и издавањето на оваа книга. Сите објавени творби се напишани од средношколци кои живеат во мултиетничка средина. Авторите ги доставуваа своите творби по пат на конкурс за литературни творби кој беше објавен во сите средните училишта вклучени во проектот.
Им се заблагодаруваме на училиштата кои несебично соработуваа со нас со цел заедно да придонесеме кон подобрување на меѓукултурниот дијалог помеѓу младите во Македонија: СОУ Св. Климент Охридски и ОЕМУЦ Св. Наум Охридски – Охрид; СОУ Д-р Ибрахим Темо и СОУ Нико Нестор – Струга; ЦСНО Здравко Чочковски – Дебар; ОСУ Мирко Милески – Кичево; СОУ Гостивар – Гостивар; СОУ 8-ми Септември и СОУ Кирил Пејчиновиќ – Тетово; СМУГС Д-р Панче Караѓозов и СУГС Орце Николов – Скопје; и СОУ Гоце Делчев – Куманово.
Исто така искажуваме благодарност и до професорките по македонски јазик Билјана Тинтоска и Трендафилка Митреска од Прилеп, кои што помогнаа во процесот на избор на најдобри литературни творби.
Се надеваме дека „Јас и мојот пријател“ ќе го привлече Вашето внимание и ќе Ве поттикне да се сетите на моментите поминати со вистинските пријатели.

Искрено,
Коалиција на младински организации СЕГА

**Пријателство**

Пријателството е искра
во срце што се ткае,
секој човек треба
за неа да знае.

Од пријателството да сме среќни
сè од радост да блика,
сите да се среќни
ко во магична слика.

Толеранцијата да надвладее
во ова земја мала,
со пријателска љубов
сè да тече ко шала.

Кон другите да се обраќаме
со љубов, почит и нежност,
искрената љубов да ни е
наша голема предност.

Пријателски настроени
едните кон други,
така ќе ги поминеме
и најголемите пруги.
Љубовта да расте
да не е сè во пари
сите да се сакаме
деца, млади, стари.

Во другите да не гледаме
нација, вера, бои,
а тоа на сите нас
добро ќе ни стои.

Дискриминацијата и предрасуди
ајде да ставиме крај,
светов да го претвориме
во мал и среќен рај.

Пријателство и љубов
до небесната свод,
ајде да се сладиме
со еден таков плод.

Злото нека исчезне
и пријателството да цвета,
а тоа на сите нас
нема да ни смета.

**Рамазан Равманоски**
**Националност: Турчин**
**Година: IV**
**ЦСНО „Здравко Чочковски“ – Дебар**



**Кога би можела да променам**

Ја гледам матната слика на реалноста,
а душата ми гори.
До кој степен дојде општеството?
За надмоќ ли треба секој да се бори?

По училиште слушам за препирки разни;
материјал за цел роман од невесели сказни.

На улиците, ми велат,
животот е уште победен.
Зарем ниеден бездомник
за топол дом не е вреден?!

Малцинствата се поретко се прифатени.
Омаловажувања трпат од сите страни.
И зарем за едно разочарување да се сечат вени?!
Па, секој од нас си има свои мани!

Кога би можела да управувам со ситуацијава,
друштвениот живот поинаку би се одвивал;
никој пред никого глава не би свивал.

Би сторила се
за само љубов во светот да има,
никого да не го коси зима,
секој стих да има своја рима,
сечие срце топлина да прима.

**Ивана Таскова**
**Националност: Македонка**
**Година: I**
**СОУ „Гоце Делчев“ – Куманово**

**Јас  и мојот пријател**

Седам во друштво, а сепак сум сама,
барам искреност - добивам само лицемерност.
Сите ми се пријатели, но на никого не му верувам,
А ти стоиш тука непознат пријателу,
и ги слушаш нивните лаги и лажни искушенија.
Кој си ти? Од каде си?
Погледот ми кажува нешто,
а во очите само тмурнини и лажни ветувања...
Дојди приближи се...
Зарем ли помислуваш пријателу
дека би можела да те повредам,
само поради тоа што си поразличен од мене,
припаѓаш на друга религија,
те обединува друга култура....
Никогаш... Ти треба ли доказ? Молчењето ми е одговор на тоа.
А мојот шепот чекори кон
закоравените ѕидови во твоето срце,
дозволи да навлезам во нив, да ти бидам пријател,
соучесник во топењето на ладниот мермер во твоите мисли.
Истури го пелинот кој ти ја уништува душата,
дај му простор на човекот
кој те смета за пријател и покрај толку различности,
и кој не се плаши да те почитува,
кој ќе биде покрај тебе и во добро и во лошо,
човек кој ќе може да ги ислуша тешкотиите кои те мачат.
Но која религија те обединува?
Прашувам само од радозналост,
но не за да те искористам... Ме сфаќаш ли?
Придружи ми се, да создадеме свет за кој што нема  замена,
да ја ублажиме горчината меѓу младите кои се од различни култури,
да ги зближиме луѓето како нас - припадници на различни религии,
да создадеме традиција,
пријателска љубов која како тиранин
никого не би поштедила.
Ние сме само смртници на оваа земја,
сите сме дел од едно нешто - животот.
Така нека остане, пријателу!
Се согласуваш ли?

**Емилија Карафилоска**
**Националност: Македонка**
**Година: I**
**СОУ „Климент Охридски“ - Охрид**

**Збор**

О, пријатели, најмногу пече кога ве немам!
Тогаш не ве обвинувам вас.
Не. Во себе вината ја барам.

А животот без вас го нема
животот со вас е прифатлив.

Без разговор, без вас околу мене -
патот е мрачен животот без фенер го одам.

Бидете до мене, сега, бидете со мене
и во староста. А кога смртта по
мене ќе дојде, не се плашам,
ако вие сте до мене.
Со вас животот е исполнет со смисла.

Пријател ако си, не гледај од која вера си,
кога сакаш збор со мене да кажеш
збор од мене да примиш.
И не гледај каква боја бог на телото ти дарил,
кога сакаш збор со мене да кажеш
збор од мене да примиш.

Не гледај на кој јазик зборот ќе го кажеш.
Го разбирам. И ти мојот го разбираш.
Пријателството превод ќе ни биде.

Кога ти роденден славиш,
јас именден славам.
Ти Бајрам, јас Божик го славам.
Има ли разлика славењето, песната,
радоста?
И кај тебе, и кај мене?

Викни ме свадба кога правиш,
ќе те викнам на мојата свадба.
Види кај мене, да видам кај тебе
што обичај се прави.
Исто ќе тупнат песните во срцата наши.

Радоста е иста. Таа нè пленува сите.
Исто е тоа.
Дојди кога плачам, кога тага срце ми пара,
ќе дојдам кога плачеш, кога тага срце ти пара

Дојди да ти шепнам една тајна
сакам со тебе да ја делам,
пријателу мој.

**Марија Попеска**
**Националност: Македонка**
**Година: II**
**СОУ„Д-р Ибрахим Темо“ Струга**



## Песна за пријателството

Да најдеш во некој друг дел од сопствената душа,
да знаеш дека и кога досадуваш некој, ќе те слуша,
да, тоа се вика пријателство, со некого се да делиш,
да умееш неговата тага во радост да ја смениш.

Секаде во светот, секој секому треба да подаде рака,
без разлика дали е од црна, бела или жолта раса.
Секој покрај себе треба да има свој пријател драг,
со кого се ќе дели и заедно ќе бидат од утро до мрак.

И јас имам пријатели, секој од нив многу ми вреди,
нивната љубов пријателска на секој чекор ме следи.
Знам дека, барем, еден од нив во било кое време,
секогаш ќе биде тука - некаде, само за мене.

Не е важна ни верата твоја, ни бојата на кожата твоја,
важно ми е и мојата болка да ја чувствуваш ко своја.
Не е важно од каде доаѓа пријателот, што има, ни кој каде оди,
важно е Бог да даде во секој човек љубов да се роди.
Тоа би му го рекла на секој пријател што го имам,
тоа би го кажала пред во мојот живот некого да примам.
Сега пишувам песна за мене и за сите пријатели мои,
пишувам за многу посебни луѓе, а не за било кои.

Пишувајќи мислам на игрите детски ѕвездени,
се сеќавам на листовите во дневникот за нив извезени.
И, ветувам дека не би ги сменила за ништо на овој свет,
ветувам: - Ќе ги чувам како градинарот најубавиот цвет -.

Не е важно од каде е пријателот и каква облека носи на себе,
важно ми е дека јас сум покрај него, а тој е покрај мене.
Благодарам, пријатели, што ме учите животов да го ценам,
ви благодарам, затоа што ми помогнавте да се сменам.

**Викторија Сиљаноска**
**Националност: Македонка**
**Година: II**
**ОСУ „Мирко Милески“ – Кичево**

## *Лист бел*

**Не, не сакам ништо**
**лист бел само**
**и пенкало едно.**
**Да напишам сакам**
**два - три збора**
**нешто вредно.**
**И ветрот да дувне**
**листот да го носи**
**низ зелена трева**
**која дождот ја роси.**
**На ружа црвена**
**да го закачи**
**за никој повеќе**
**да не заплаче.**

**Амра Малоска**
**Националност: Македонски муслиман (Торбеш)**
**Година: IV**
**ЦСНО „Здравко Чочковски“ - Дебар**



## Јас и мојот пријател

Универзумот го градат светови, земји, националности, култури соединети под едно небо, осветлени од едно сонце. Сончевите зраци продираат низ световите, а ветерот еднакво ги распространува низ сите правци и овозможува создавање фреквенции кои отвораат силни хоризонти на проширување на знаењето и го откриваат човековиот лик.

Во секоја земја покрај доминантната култура постојат и други кои зрачат со свои знаменитости кои колку повеќе се истакнуваат толку повеќе ја претставуваат културата достојна за почит. Сите пројавени култури во едно општество го градат неговиот мултиетнички дух. Во општеството луѓето се разликуваат по бојата на тенот, јазикот, обичаите, но чекорејќи по исти патеки ја пробиваат тенката линија на разликите и почнуваат еднакво да ја чувствуваат рефлексијата на сонот, еднакво ја доживуваат убавината, еднакво ја посакуваат вистината. Познавањето на културата на нашите сограѓани ни овозможува заедничка дружба под осветленото небо. Елементите на останатите култури ни помагаат да дознаеме колкава е вредноста на секој човек, пренасочувајќи го погледот упатен кон разликите кои проникнуваат од различните нации, раси и култури. Непознавањето на вредностите на другите култури предизвикува спорови помеѓу луѓето од кои се раѓа омразата и настанува промена во односот со човекот кој припаѓа на друга култура, не можејќи да се сфати дека сите сме еднакви. Сите еднакво ги доживуваме тагата и среќата, еднакво го надминуваме поразот и еднакво му се радуваме на успехот. Пријател ни е секој оној кој независно дали е Македонец, Албанец, Турчин или потекнува од друга националност не придружува по патот на реализирање на целите. Животот во едно мултиетничко општество е успешен само ако престанат да се гледаат разликите, сите млади заедно да ги споделуваат знаењата и искуствата што ќе им помогне полесно да го дофатат врвот во кој се преточени знаењата на што повеќе јазици и култури. Пријател може да ни биде секој независно на кој јазик ќе ни се обрати. Мој пријател е оној кој знае доволно за мене и културата на која припаѓам за да ме цени и да ја почитува културата и традицијата; кој е со мене во најтешките мигови и ми помага да ја совладам ситуацијата, со мене е додека се радувам на убавите мигови кои ми ги подарил животот без разлика на која вера и националност припаѓа. Другарството е копнеж кој не попушта, ѕвезда која не згаснува и бескрајна љубов и поддршка која подарува живот и смеа.

Го сакам мојот пријател, не затоа што е Македонец, не затоа што е Албанец, не затоа што е Турчин, туку затоа што е човек со вистински вредности и цели во животот. Заедно чекориме низ животната патека која е осветлена од единственото сонце, заедно го држиме факелот на среќата и се впуштаме во иднината сакајќи да го докажеме своето јас и да го достигнеме идеалот кој упатува на почитување, слога, хармонија и соживот.

**Елизабета Кипроска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СОУ „Гостивар” - Гостивар**

**Вечни пријатели**

Пристигнав на железничката станица во вистински момент, точно 10 минути пред тргнувањето. Се сместив во едно од купеата на возот. Вревата на железничката воопшто не влијаеше врз мене, напротив ме опушташе. Прозорецот во купето беше отворен и низ него можеше да се почувствува мирисот на штотуку варен ајвар и подготвена зимница, сето тоа носено од палавото есенско ветре. Чувства ме обзедоа од таа глетка и ме вратија наназад во минатото. Ме вратија во едно одамна поминато време; ме вратија на едно драго место; ме вратија во драгоценото детство. Тогаш започнаа спомени да се редат едни по други и наеднаш се замре. Спомените отидоа толку далеку што се сетив на мојата стара и одамна напуштена куќа, на улицата, на моите палавштини, но и на мојата прва другарка Виола и на сите детски игри кои заминале во неповратот. Од овој момент се што следеше беше поврзано со Виола. Како се запознавме, колку се сакавме, како бевме неразделни, сите игри кои ги игравме, дури се потсетив и на нашите заеднички животни соништа и мечтаења. Виола ми беше повеќе од пријател, таа беше мојата крвна сестра. Еден ден тајно од сите станавме крвни сестри и се заколнавме на вечно пријателство. И покрај тоа што Виола беше Албанка и имаше сосема различни обичаи, нас сето тоа не ни пречеше, ние уживавме во пријателството. Но луѓето околу нас ни завидуваа и сакаа да не разделат. Во улицата живееше едно големо дете кое не ги сакаше децата од македонска националност.

Еднаш додека јас си играв со останатите деца од улицата, тоа дојде, грубо ме фати за рака, ме затегна и ме навреди со грди зборови. Рече дека јас не смеам да играм со нив, дека моето место не е меѓу нив и ме истера дома.

Јас плачејќи си заминав.Срцето ми се кинеше,но стравот не ми дозволуваше да му се спротивставам. Се скрив дома и гласно плачев. Големото дете неколку дена не ми дозволуваше да одам и да играм со моите другарчиња, но по неколку дена собрав храброст и излегов.



Детето беше вчудовидено од мојата храброст и остана зашеметено. Јас само му реков: Имам сестра тука и никој нема да ми забрани да бидам со неа. Од тој ден големото дете заборави на омразата, а што е најважно ретко се појавуваше на улицата за да учествува во нашите игри. Сите во улицата знаеја дека каде што е Виола таму сум и јас и каде сум јас таму е и Виола. Годините летаа и ние растевме со нив. Беше едно топло и сончево лето, кога Виола дојде тажна и намуртена. По нејзините очи можеше да се види дека плачела. Ја прашав што се случува и дали е се во ред, таа само ја наведна главата и гласно заплака. Долго чекав за да се смири за да ми објасни.
Едвај успеа да изусти: Јас заминувам..... Што? Како? Кога? Зошто? Каде? А јас? Што ќе биде со мене? Толку многу сакав да кажам, а сепак ништо не можев да изустам. Целиот свет заедно со целата своја тежина падна врз мојот грб. Тоа беше премногу за мене. Додека Виола ми објаснуваше дека татко и одлучил да се преселат во Америка и дека заминуваат за една недела. Таа рече дека не сака да оди, и дека иако заминува ние сепак ќе останеме во контакт и често ќе се гледаме. Јас само молчев и не кажав ништо. Виола ме молеше да кажам нешто, плачеше пред мене, но ништо. На крај скршена мораше да си оди. Откако таа замина од мојата куќа јас загубив контрола врз себе и неколку часови поминав во безсознание лежејќи во мојот кревет. Се прашував: Како јас ќе преживеам без неа? На кого сега ќе му ги кажувам тајните и кој ќе ми ги кажува мене? Со кого ќе се палавам?Со кого??? Следните неколку дена ја одбегнував Виола, не сакав да ја видам, зошто ако ја видев ќе се скршев душевно. Конечно пристигна денот на нејзиното заминување. Сите блиски роднини и пријатели беа во посета кај неа пред заминувањето, но мене ме немаше. Кога излезе на улица и започна да се поздравува со сите околу неа, беше вознемирена со немирен поглед. Меѓу толпата бараше некого, но тој некој не беше таму. Нејзиниот татко и рече да влезе во автомобилот, а таа во последен момент рече: Чекајте ме,се враќам веднаш!
Таа Виола, мојата најдобра пријателка во последен миг се стрча кон мојата куќа и и рече на мајка ми да каже дека дошла да се поздрави. Јас целиотнивен разговор, а воедно и се што се случуваше на улицата го гледав и слушав од прозорецот кој гледаше кон улицата. Мама ми пренесе се, а јас само и реков: Не можам да се симнам не ми е добро. Мама сакаше да ме убеди да се симнам но не успеа. Виола откако го слушна одговорот тажно ја наведна главата и тргна со бавни чекори да си оди. Уште еднаш погледна кон мојот прозорец, како да знаеше дека јас сум зад него и замина. По заминувањето на Виола паднав во депресија. На почетокот се лутев на животот, па на неа, за на крај да бидам гневна на себеси. Се проколнував себеси што не излегов на нејзиното заминување, со тоа ставив крај на нашето пријателство. Секој ден ми беше мачење, зошто се надевав дека некако ќе успеам да стапнам во контакт со неа, но ништо од сето тоа. Мојата надеж секој ден умираше.
Така годините летаа, како бројаница се нижеа една по друга. Јас повеќе не бев дете, ништо не беше како порано. Сепак сеуште се надевав дека некаде ќе ја пронајдам Виола и ќе ја исправам грешката. Ја барав насекаде, но од неа ништо, како да пропаднала во земја. Кога еден ден добив писмо. Писмото доаѓаше од Америка. Штом го видов помислив, па тоа е Виола.

Набрзина го отворив и почнав да читам, во него таа ми пишуваше дека откако заминала долго време ми била лута, потоа сакала да ми пише, но јас сум се преселила и таа ја немала мојата нова адреса. Пишуваше дека долго ме барала, за на крај да ме пронајде. Ја добила мојата адреса, но и требало храброст за да ми напише писмо. Писмото го завршуваше со тоа дека за неколку недели доаѓа во Македонија и сака да се видиме. Се смеев и плачев во исто време, бев пресреќна и возбудена. Датумот на средбата ми струеше во главата. Долго се подготвував за таа средба, што да направам, што да кажам и кога беше време за неа се чувствувам несигурно. Сепак се упатив кон железничката станица сигурно и самоуверено. Одев и мислев нашето пријателство преживеа се. Ја надмина далечината, го победи времето и сјаеше на целта.
Во тој момент одекна сирената и возот тргна. Јас итав кон мојата Виола, мојата вечна пријателка. Нашето пријателство навлегуваше во нова етапа на неговото постоење, пред него стоеја нови предизвици, но најважно од се беше тоа дека ние сепак повторно бевме заедно....

**Милка Јосифовска**
**Националност: Македонка**
**Година: III**
**ЦСНО „Здравко Чочковски“ - Дебар**

## Јас и мојот пријател

Настанувањето на пријателството е резултат на степенот на развиеност на човечкиот интелект и човечката личност. Пријателството се темели врз основа на човековите договори, сличните размислувања и мисловните совпаѓања. Пријателството е проникливост и на потребата за блискост и доверба на човекот како единствено разумно битие.

Пријателството е свет со неопиплив и непостоечки облик но сепак со гигантска вредност во човековата духовност. Како мерило на вредност во нашиот заеднички свет се убавите нешта, задоволството, вистината, убавината и разумот.

За еден човек, кој се нашол на сред урнатините на својот живот, кој се сплел во чемерот на осамените, во копнежите за животот кој станува бесмислен, и неуморно притиска со својата ладно - влажна смуртеност, пријателот секогаш е сопатникот. Тој не следи низ нашиот живот чии цели се силни и живи и го осознаваат патот кон нашиот спас. Додека тече животот, додека постои пријател и постои пријателство, се пополнува секоја стравотна празнина, се уништува секоја тегобност, ја снемува горчината на судбата. Се чини дека тој свет, создаден меѓу мене и мојот пријател се гради полека, се создаваат огромните палми на довербата, се креира прекрасно утешната претстава на идеите, и во секој невидлив час се јавува светлиот сјај на радоста а низ сите овие огнови, најраспламтен е пламенот на љубовта. Тие огнови ја создаваат посебната хармонија на животот врз која се движи и самиот негов смисол. Нашиот свет ги соединува сите специфични појави, сета својственост на човечноста, заедно во светлите зраци на својата призма. Ние заедно го носиме јуначкото и убавото, јас и мојот пријател имаме и јазик, јазик во кој нема оформени зборови а сепак го искажува неискажаното. Во нашиот свет ечи викот од воодушевеност па тогаш и среќата станува неподнослива и ја чувствуваме животната треskaвичност по нашите тела. И времето тогаш умира во цели векови околу нас и паѓа врз нашата уметност. Ние празнуваме во друштвото со музите и ја пиеме сета таа сласт на како што боговите го пијат нектарот, само јас и мојот пријател. Тие кои не го создале и не го вкусиле животот во ваквиот свет, во светот на пријателствата, имаат се помала желба и да го вкусат, неосетно се облеваат со крвава солза, надворешно и внатрешно го мразат животот, неспособни да ја уловат животната радост.

Виталноста на односот помеѓу луѓето би почивал врз пријателствата кои би требало се поцврсто да опстојуваат барем како обид и премин на вистинско воздигнување за кое е и создаден самиот разум. Тоа е апсолутно вистинскиот пат да му се даде фин и подобар облик на општеството и неговиот напредок.

**Маркона Дуцеска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СОУ „Гостивар“ – Гостивар**

## Светот како единство на различности

Меѓукултурниот дијалог помеѓу младите, во нашата земја, можам да кажам дека не е на завидно ниво. Не знам дали тоа се должи на неразвиената свест на новите генерации или на нешто друго. Како и да е, јас од моја страна се трудам да се вклучам во шаренилото на мисли и идеи.

Како поединец, заинтересирана сум за нови доживувања и искуства. Патувам колку што имам можности и средства и извлекувам максимум од секое патување. Минатото лето поминав две недели во Оксфорд, Англија. Од Скопје тргнавме околу десетмина и сите бевме од различни градови. Англија претставува едно исполнувачко искуство за мене. Луѓето кои таму ги запознав, се уште ми се пријатели со кои контактирам. Сите ние заедно ја доживеавме Англија, нејзините убавини и споделивме незаборавни моменти. Ние, Македонците не бевме постојано една група, се измешавме со останатите деца и тука прв пат почувствував што значи хармонија на различности и што ни недостига нам, дома. Споредувавме зборови од нашите јазици и покрај тоа што сите бевме таму да го усовршиме англискиот, сепак учевме и кинески, шпански, словенечки, германски па дури и арапски! Научив да го пишувам моето име на кинески,

дознав дека Англичаните се многу љубезен народ, дека стереотипите за нив, како непријатни и студени, воопшто не се точни. Видов дека Шпанците се највеселите и секогаш спремни за забава и најважно од се, видов дека постои љубов помеѓу сите тие различности! Од таа палета од култури, љубовта како најсовршен уметник наслика една идила, поврзувајќи не сите нас, за да ни го покаже светот, каков што треба да биде!

Замислете, цел еден ден, кога отпатувавме во Лондон, го поминав со две девојки од Грција. На моите пријатели дома, ова не им изгледаш е нормално. Но, ние не придававме важност на политиката, ниту на она што би не разделило.

Зборувавме за музика и имавме сличен вкус. Разменувавме мислења за принцот Вилијам (дали е зготен или не) и ја гледавме парадата пред Бакингемската палата. Сакам да се движам во такви кругови, да се издигнувам над секојдневното! Не знам дали ние бевме избраните, дали како кај нас и во другите земји луѓето се нетолерантни, а друштвото кое го направивме во Оксфорд е само сон. Дали сме свесни за светот околу нас? Дали сме заинтересирани за нови загатки, за развивање на нашиот интелект? Не знам за вас, но мене животот ми се смени од тоа лето! Враќањето тука беше како шлаканица од силната рака на реалноста, која ми велеше да се разбудам! Почнав да се сомневам во вредностите на општеството во кое живеам. Одеднаш станав свесна само за ситни, непросветени души, премногу зафатени со омраза и завист, за да ја издигнат свеста над своите ѕидови. Се почувствував бедно и разочарано во моментот кога станав свесна за тесноградоста во нашето секојдневие. Понекогаш чувствувам дека, местото не ми е тука, а јас сум премногу мала и безначајна за да го сменам светот во кој живеам! Нели, велат дека е доволно, еден човек да се смени, за да се направи разлика, но јас не успеав, ниту на моите најдобри другарки да им го покажам она што јас го гледам,

ниту да се пронајдат во моето огледало! Се чувствувам како да не припаѓам, најпросто кажано јас сум како една виолина во џез бенд!
Како и да е, не се откажав од моите амбиции. Ова лето заминав во Шпанија, но овој пат сосема сама. Не можев да верувам, не постоеше ниту еден човек од целава наша држава, кој би поминал две недели во мултикултурна заедница. Веројатно дека, изговорот е дека луѓето немаат пари, криза е и уште неважни изговори! Како, тогаш, гледаме секој ден, нови автомобили по улиците, сите се со нови мобилни телефони и лап топ компјутери!? Дали некој размислува за духовното богатство, за внатрешното? Не, па, ви се молам, луксузот е приоритет! Сето тоа, има реа на површност. Никој не може да одвои време и да се погледне себе си, еднаш убаво!Да размисли, без непотребни оправдувања, што постигнал во животот, каде води тоа, што понатаму? Моето разочарување, понекогаш силно ме обзема и расте.
Во Оксфорд почна моето осознавање, но во Барселона се пронајдов себе си! Дознав толку многу за себе, што бев вчудовидена. Ме маѓепсаа куќите на Гауди, неговата Саграда Фамилија, ме воодушеви струењето на воздухот и духовноста на тоа место, енергијата што ја поседува. Ќе се разбудев наутро и од прозорецот можев да го гледам морето, да го слушам градот и да ги замислувам животите на неговите жители.



Пристигнав сама во интернатот, не познавав никого. Успеав да се снајдам, да прашувам и да дозволам да бидам прашувана, по што за кратко време имав другари и другарки, со кои верувале или не, со солзи се разделив на заминување! Тоа другарство беше вистинско, искрено, јас бев тоа што сум и тие ме прифатија како таква! Беа странци, но јас ги чувствував како семејство, живеев со нив ден и ноќ. Нема да заборавам, како ме гледаа додека грицкав сончоглед!

Не можеа да сфатат како сум ја усовршила техниката. Таква занимација, не е популарна во земјите од каде што доаѓаат, едноставно, купуваа чистен сончоглед запакуван во кесички. Тоа беше една, од работите што им ги покажав. Потоа, сите научија каде е Македонија, по неколку зборови на македонски и нормално, не можев да го заборавам нашиот ангел, Тоше!
Не можам да ви го доловам чувството на исполнетост што го имав, насмевката едноставно ми беше нацртана, за да не може да се избрише.
Во саботата игравме одбојка. Тоа беше вистинско доживување! Можеби тројца или четворица знаеја да играат како што треба, а ние останатите правевме таков хаос, што мислам дека заслуживме место во Гинисовата книга на рекорди! Јас сум играла одбојка и кај нас, на часот по физичко (бидејќи морав), но искуството беше сосема поинакво. Додека играв со новото друштво никој не се караше, немаше дофрлувања од типот не знаеш да играш, пцуење и таков вулгарен и прост жаргон. Овие луѓе, не многу помали или поголеми од мене, кои ја удираа топката успешно или безуспешно, овие различни лица, не заборавија дека ова е игра, дека ние се забавуваме!
Ми се случуваше да се разделам со моите другарки кога имавме слободен ден, кога се шетавме низ центарот на Барселона. Се шетав сама, разгледував, ќе седнев да испијам кафе или да каснам нешто, сама. Дали можете тоа да го замислите кај нас? Не, никако! Ако седиш сам, нешто ти недостига, или си социјално отфрлен и немаш пријатели! Друго сценарио: Додека се возев во метрото, читав книга, како и повеќето патници, кои немаа слушалки во ушите. Кај нас, при тоа, мислам на младите, ако по некоја случајност, некој те види дека читаш книга, а не некој таблоид, жолта штампа, ти си бубалица! Незнаењето стана предност! Ако сакаш да си популарен, не смееш да читаш ни лектири, а немој да ја имаш таа среќа да земеш некоја друга книга, што не мораш да ја читаш!
Сакам да учам за другите земји и да ги запознавам  другите култури, но немам со кого да го споделам моето искуство. Никого не го интересира, за волшебната обоеност на празникот Холи, кој се одржува на пролет во Индија (кој умирам од желба да го посетам еден ден), за вистинскиот живот во Тексас, не со фарми, каубојци и коњи, туку за зградата во Далас, што ја викаат краставица, бидејќи е осветлена со зелени сијалички, за која дознав од моите другарки Моника и Аби, за јадењата во Франција, кои ми ги препорача Алис, за тешкиот живот во Сибир за кој ми раскажа Макс, ниту пак за училишните тестови во Филаделфија, кои му претставуваа тешкотија на Дејвид, ниту пак, некој е заинтересиран, за свадбените обичаи во Русија, за кои ми ги раскажуваше Индре, од свадбата на мајка и.
Не знам, што можам да кажам уште... можеби премногу песимистично звучи, но, меѓукултурен дијалог, во вистинската смисла на зборот, тешко може да сретнеме во нашето секојдневие на овие наши простори. Ова парче од Европа, наречено Балкан, тешко се обидува да ги спои различностите во себе, а аргументите на сила се вообичаена приказна. Како да нема убавини што би не споиле, туку само свест за се што не разделува! Тоа е вистината, која можеби сурово звучи, но никој не се обидува да ја измени. Но, јас не се откажувам! Јас ќе продолжам да се надевам и да барам единки, кои го делатмоето мислење, кои единството на различностите и духовноста, ги

водат во животот. Пријателството помеѓу младите постои, јас го искусив! Македонија треба да стори нешто повеќе за својата иднина, за нас младите, бидејќи, не случајно, во голем број, чекаме прилика да заминеме оттука. Јас не сум исклучок! Кога ќе ја имам можноста, ќе заминам.
Задоволна сум, што барем некој, ќе најде време да го прочита мојот есеј и мојата мисија ќе биде извршена, ако успеам да ве замислам, барем овие неколку минути додека ви ги подарувам мислите!

**Андреа Манев**
**Националност: Македонка**
**Година: III**
**СОУ „Гоце Делчев“ – Куманово**



**Мојот пријател**

Го испуштам вдишаниот чад осаменост кој го заматуваше мојот ден. Го отворив прозорецот да може што подалеку од мене да замине оваа проклета осаменост. На видикот се појавуваш ти, со насмевката која ги лекува сите мои болки во душава и се рефлектира на моето лице. Се доближуваш.. Само ти можеш да допреш длабоко во мене, без никој да го запримети твоето присуство. Овие црни солзи можеш само ти да ги сфатиш зошто сеуште постојат...

Ни милион години шетајќи и зборувајќи си за дните поминати една без друга, нема да бидат ни малку заморни. Ми влеваш надеж дека секој ден е се повреден, додека нашето бесценето време тече како ситна песок низ малото песочно часовниче. Се менува и воздухот што го дишев. Останува чист и свеж. Се смена и сонцето кое сега грее од сите страни, сонцето кое порано ја затоплуваше само мојата бледа кожа. Сакам да ме гушнеш. Тогаш знам дека колку “бродови да потонале”, можам да се потпрам на твоето рамо кое откако те запознав цврсто ги поднесува моите солзи. Она што ми требаше си Ти. Вистински пријател за кој мечтаев денови и ноќи. Вистински пријател кој е секогаш тука, ги споделува сите товари со мене и ми помага во моите. Пријател чие име е врежано длабоко под мојата кожа и нема никогаш да излезе, ниту тогаш кога другиот свет ќе ме земе.

Но.. тука сум и јас секогаш кога светлото во ноќта се губи и сама со страв ги минуваш долгите улици до дома, тука сум, со тебе. Тука сум и тогаш кога некој не може да те слушне кога си најгласна, јас можам да го наслушам и твојот шепот. За тебе би изградила високи ѕидови да те заштитам од непријателите, од бездушниците... За личност како тебе, би направила се за да си среќна. А тогаш кога викам, сакам да ти кажам колку ме болат твоите погрешни постапки и како да ги поправиш.. кога викам сум лута што си слушнала лош звук, а не музиката на твоето срце... Но, знај, СЕКОГАШ СУМ ТУКА ЗА ТЕБЕ, ЗОШТО ТИ СИ МОЈОТ НЕЗАМЕНЛИВ ПРИЈАТЕЛ.



**Маја Милеска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид**

**Јас и мојот пријател**

Задоволно отпив од шолјата кафе што келнерот ми ја донесе пред неполна минута. Совршено. Му се насмевнав на мистериозниот човек што седеше близу мојата маса. Ми ја возврати насмевката. Онака, за миг заборавив и зошто сум дојдена овде. Се додека гласот на мојата другарка не ме врати во реалноста.

- Еј, извини што доцнам - онака задишено се поздрави со мене,оставајќи ги торбите на белата кожна столица. Ах, да мојата пријателка повторно била на шопинг.

- Што е ова, пак распродажба? - и се смеам задоволно додека седнува спроти мене. Мистериозниот човек љубопитно гледа во мене.

-Не, овојпат не. Па, знаеш имам состанок со Филип, оној мој колега од маркетинг – задоволно го вади црвениот кармин од нејзината омилена Луј Витон чанта. Ах, да ова е Хатиџе, мојата најдобра пријателка. Задоволно ги прекрстувам нозете и ја гледам љубопитно да започне со нејзиниот исповед за денешниот ден. Имаме уште малку време додека да започне кошаркарскиот натпревар. И јас и Хатиџе откога започна Светското првенство на кошарка секојдневно следиме кошарка и навиваме како луди. Но, сега задоволно слушав како се скарала со нејзината асистентка Симона, затоа што и го донела погрешното досие. Само Хатиџе можеше да раскажува на тој начин, мавтајќи со рацете и нервозно свивајќи ги веѓите како тоа да и се случува сега во моментот. А јас како по обичај се пожалив дека се расипа моето старо југо и бев принудена да одам со автобус. Хатиџе пак, не била таа, ако не ме прекоруваше зошто сум го земала југото кога и сама знам дека не е безбедно човек да се вози во такви кртнтии. Јас само збунето црвенеам како булка. И веднаш ја менувам темата. Онаканеповрзано стигнуваме до Стефан и она наше средно училиште. Се смешкаме додека онака не преплав-уваат спомените. Пред точно десет години прв пат се запознавме.

Денот започна онака обично и досадно. Прилично поспано го чекав почетокот на првиот час,разговарајќи со Ивана за тестот што го правевме дента. И се беше нормално како и секој ден се до еден момент. Кога покрај мене буквално како фурија пролета некој. Обично би се налутила и намуртила нервозно пцуејќи во мене. Но, сега само низ насмевка погледнав кон него. Да, тоа беше тој. Дечкото за кој секогаш сонував. Сега беше тука, во училиштево кое не го поднесував. Едноставно, гледав маѓепсано во него. Не ми беше грижа ни за сите тие обични разговори,озборувања за тоа кој



како се облекол и слични глупости. Не сега, кога го забележав совршенството за кое сите лажеа дека не постои. Погледна накај мене. А јас онака збунето му ја подарив најширокаta насмевка. Збунето се свртев не успевајќи да ја забележам неговата насмевка. Па денес воопшто не се нашминкав. Којзнае како воопшто изгледам, како некое чудно зомби. Не, не и не... Повторно го барав со погледот. Разговараше со некоја девојка која не ја познавав. И веднаш ја замразив. И таа е вљубена во него. Се гледа од тој глупав израз на лицето, насмевнат и тотално отсутен за другиот свет. Нервозно ја гризев долната усна. Кој е тој совршен дечко? И која е таа идиотка која разговара со него? Некој задоволно ме гушна. Збунето се свртев. Семра... Отсутно се поздравив со неа, не тргајќи го погледот од нив. Онака, божем патем ја прашав Семра која е девојката која во истиот момент ми стана непријателка. Добив целосен извештај: Нејзиното име е Хатиџе, прва година како нас, некоја богата Турчинка која е научена на раскош. Онака облечена како некоја Барбика. Ја замразив. Е не, нема да го добие и тој непознат дечко. Со насмевка се упатив накај нив и како сосем случајно го удрив мојот совршен Кен. Онака, божем збунето му се извинив а тој ми се насмевна. Но, каква насмевка, буквално совршена со мали дупчиња во образите. Хатиџе ме убива со погледот,знаете оној кој говори - Не се закачај со мене мала! Но, искрено и задоволна сум што ја нервирам. И тоа што конечно се запознавам со овој Кен. Името му е Стефан и онака целосно се посветува на разговорот со мене. Јас сум дефинитивно вљубена. И имам непријателка. Се погледнуваме луто и започнуваме војна. Не, оваа Барбика нема да ме победи така лесно. Од следната недела започнуваме целосен хаос. Поточно, Хатиџе започнува да шири дезинформации за мене а јас и враќам со иста мера. Не знам, како тоа глупаво озборување да ни е единствена шанса дека една од нас ќе победи. Секој ден во училиште ме гледаат некако чудно, и ме одмеруваат од глава до петици. А кога ќе поминам сите некако престануваат да говорат. Слушнав разноразни глупости за мене, пушам марихуана, директорот ми е татко па поминувам онака со врски, првиот секс сум го имала во гаражата на автомобилот на тато... Повеќе како ни самата да не знам која сум. А најлошо е што луѓево веруваат во се што ќе слушнат и според тоа те проценуваат. Но, ни јас не и останав должна на Хатиџе. Измислив дека имала пирсинг на прилично незгодно место, дека играла стриптиз на дечко и, дека пие алкохол како луда. А Стефан знам дека не поверува во ништо од тоа што го слушаше(или пак можеби се сомневаше). Војнава меѓу мене и Хатиџе беше прилично вжештена. Не ја мразев сега само заради тоа што е затрескана во истиот дечко како и јас, ниту затоа што измислува разни глупости, туку затоа што едноставно мисли дека е подобра од другите. А тоа просто го презирам. Сепак, тоа што се случи тој ден ги пречекори сите граници. Мислев, ќе биде уште еден онака обичен ден. Но, само што пристигнав сите ме гледаа некако чудно, па дури и со сожалување. Што измислила сега, дека имам сида? Сепак, она изречено -Жалам штотвоите се разведуваат, од Стефан ги премина сите граници. Не за друго, туку затоа што беше вистина. Моите по долги години кавги и викање, конечно решија да се разделат и да ми дадат малку спокој и мир. Но, проблемот беше од каде знае Хатиџе за тоа?! Расплакана избегав од училишниот ходник кој ми се чинеше невообичаено

Го прекрив лицето да избегам од ова, се срамев со ова што сум - некаков потсмев за училиштево. Се сретнавме со Хатиџе која задоволно се смешкаше на својата нова досетка. Едноставно низ солзи проговорив - Е сега претера! И истрчав до бањата. Не беше ова можно, се промени целиот мој живот. Од каде имаше таа право да ја разоткрие таа тајна. Го мразев светот, ги мразев глупавите озборувања, го мразев ова што станав, глупава озборувачка. Некој тропна на вратата. Изморено отворив. Се ми беше сеедно, сега кога морав повторно да се соочам со вистината дека моите навистина не се совршен пар. Пред мене стоеше Хатиџе, исто така облеана во солзи и со поглед исполнет со тага. Тивко прошепоти - Жалам за се, и ме гушна. Ми беше потребен некој крај мене а тука беше само Хатиџе девојката што ја мразев. Но, разговорот со неа ми помогна да се смирам. Па, таа воопшто не беше некое разгалено девојче на тато. Напротив, паметна и прекрасна личност. По договорената средба за кафе, се спријателивме. Во неа се пронајдов самата себе. А Стефан остана минато, се договоривме нема излегување со дечкото кој на двете ни се допаѓа. Сите тие озборувања, станаа минато. Јас и Хатиџе станавме најдобри пријателки. Преминавме, преку сите тие глупави стереотипи, озборувања, изглед, богатство и се сконцентриравме на она што навистина е важно, нашата личност. Едноставно, Хатиџе беше дел од мене. Во ред, пософистициран и поелегантен но навистина ја засакав. За мене стана сестра... Задоволно се погледнавме. Поминаа цели десет години од сите тие доживувања. И навистина пораснавме, се променивме. Но, Хатиџе ми остана најдобра пријателка сите овие години. Ги чувствував образите како ми горат од срам од сето она што го правевме. А сега пред само некој ден се сретнавме со Стефан. Сеуште останал истиот згоден фраер што беше секогаш. Но, пријателството што го имав со Хатиџе беше поважно од се. Келнерот донесе едно еспресо од мистериозниот господин кој задоволно ми се насмевна. Невино му ја возвратив насмевката заблагодарувајќи му се. Хатиџе задоволно не меркаше, пиејќи го своето кафе. Прекрасна девојка е мојата Хатиџе. Отсекогаш и била. Пријателството не се гради на сите тие глупости, пари, боја на кожа, националност, озборувања... Важно е да се запознае личноста онаква каква што е. Ова нашево со Хатиџе ми го докажува тоа. Ех, спомениве се прилично интересни. Хатиџе задоволно се погледнува во огледалото за последен пат пред да почне натпреварот. Задоволно се смешкам. Се гордеам што ми е пријателка, секогаш беше крај мене кога ми беше потребно. Ја исправив косата внимателно со раката. Погледите ни се сретнаа. И таа размислуваше за истото. Да, ова беше вистинско пријателство. Задоволно го доврших моето совршено кафе и ги прекрстив нозете внимателно гледајќи во телевизорот. Започна четвртфиналниот натпревар Македонија - Литванија. Со Хатиџе задоволно се смешкаме. Напред МАКЕДОНИЈА. И напред ПРИЈАТЕЛСТВОТО!

**Мартина Ѓорѓевска**
**Националност: Македонка**
**Година: III**
**СМУГС „Др. Панче Караѓозов“ - Скопје**

**Незгасната ѕвезда**

Во нашата земја има многу луѓе од разни вери, култури. Кога тие меѓусебно не би се разбирале, комуницирале или другарувале што би било тогаш? Што би правел кога би немал некој кој ќе те засмее, што ќе ти покаже дека навистина има добро во светот, некој што ќе те убеди дека постои врата која чека на тебе да ја отвориш. Тогаш имаш вечно пријателство.

За пријателство човек треба се да стори. За пријателство човек треба вечно да се бори. Тоа му ја дава таа потребна радост на човекот, таа сила која му е потребна на човекот да биде она што е пријател, другар. Пријателството не упатува едни кон други да се сакаме и меѓусебно да се разбираме и почитуваме, без разлика од која вера сме. Пријателството е гранка на која сите ние раснеме и да се држиме за да не паднеме. Човек без пријател е како птица во кафез, која ја бара својата слобода, а нема пријател да и ја даде таа слобода која толку ја посакува. Тоа е исто како кога пријателството би го споредиле со ѕвезда која го краси небото и треба да ја чуваме за да не згасне, зошто ако згасне ќе згасне и пријателството.

Човек без пријател е несреќен човек. Човек без пријател е сиромашен човек. Со пријателството сме посреќни, со пријателството сме побогати. Едноставно пријателството е тоа што ни дава сила, ни дава енергија со која исправени застануваме пред секој наш предизвик. Затоа треба да се бориме да станеме пријатели, а не да ги добиваме пријателите, треба повеќе да сакаме отколку да бидеме сакани. Сепак пријателството за да трае треба да се чува. Ако еднаш се прекине после тешко се составува. Исто како конецот, може да се продолжи но врзанката останува. Не е попусто кажана онаа народната ,,Господе не оставај го човека без пријател".

**Ана Попаѓиноска**

**Националност: Македонка**

**Година: II**

**СОУ ,,Д-р Ибрахим Темо" - Струга**



**Пат кон совршената реалност**

Една личност родена во место со многу народи, на улица со многу култури, меѓу луѓе со различни лица, сака да ја сподели со вас реалноста. Сите ние сме различни како годишните времиња со вредности кои во животот ги учиме. Сите сме родени чисти, невини, со очи како капка од роса но никој не знае како ќе заврши на нашиот живот. Животот сме го зграпчиле со двете раце, поткрепени од надежта, љубовта и среќата. Но што се случува кога еден момент, еден настан, една трагедија ќе помогне побрзо да се дојде до крајот. Се распаѓа нечиј живот, а нечии раце остануваат празни. Ништо не е само по себе ниту добро, ниту лошо. Се зависи од тоа што ние мислиме за тоа. На кој начин ќе го направам мојот живот постела од рози, а трњата ќе останат настрана. Некој глас ми вели да и помогнам на личноста до мене, до тебе без да ја гледам разликата во бојата, верата и возраста.

Различни во обичаи, култури, верувања т.е. религии. Народ тоа сме ние секој специфичен на свој начин. Но што се случува кога веќе таа разлика пред нас се претвора во ѕид. Ѕид на непочитување, малтретирање исполнет со нечија амбиција да се уништи туѓото, заборавање на основните движечки вредности. – Во мојата соба, во десниот агол до прозорецот има мало, црвено радио. Радио кое ми значи многу и со него поминувам многу моменти на размислување. Музиката ми дава мотивација да размислам за мојот, твојот, нашиот живот. Се до оној момент кога музиката престана, а од радиото почнаа да излегуваат вести немирни како море, кои ме известија за смртта меѓу деца од различна националност на моја возраст. Во тој миг кога бев исполнета со среќа во мене се појави тага, очај, гнев. Кога јас размислував нечиј живот завршил пред и да започне, почувствував студ од таа сурова реалност. Реалност на непочитување, губење на светлина во тие очи. Вест која пробуди во мене лутина... како можеле да го земат животот во свои раце? Како се осудиле да кренат нож еден на друг? Веќе не размислувам дали еден од нив е Македонец, Албанец или од друга националност... не размислувам кој е виновникот.. веќе беше доцна. Морав да се пробудам од тој кошмар кој го слушнав за десет минути и престана. Анксиозност во мене, страв од иднината ако се продолжи на овој начин. Неприфаќањето на ситуацијата станува се поголем проблем во денешницава. Да не можеме да се прифатиме затоа што потекнуваме од друго семејство со друга религија. Таа ситуација мора да ја надминеме. Да си помогнеме едни на други преку воспитание пред се, а потоа и во образованието, општеството. Живееме во ретростил, втурнати во историчноста и опкружени со спомените, а помалку или воопшто не сме свртени кон иднината. Зарем ништо друго не преостанува и зар несигурната земја под нозете и минатото ги сакаме повеќе од сигурната? Сама по себе, религијата не е само култура, туку културен феномен затоа што ги оплодува и формира различните форми на култура. Таа не преставува проблем за решавање туку нешто свето. Нејзината симболика се претвора во симболика на сестраната култура, која човекот ја твори и која во силен степен влијае врз својот творец. Сите со различни култури, ставови но треба да запомниме дека светот е збор, а ние сме тие кои ќе решиме да му дадеме

значење на овој збор... Општеството не е поединецот, иако и во него постои општествениот инстинкт, туку тоа е семејството. Јас можам кога сакам да направам сè. Јас можам да те прифатам тебе со друга религија. Јас можам да те почитувам и да го почитувам твојот верски објект. Кога можам јас тогаш можете и вие . Мал чекор со голема мотивација ќе даде плодови. Црква, џамија... секаде каде се слави Божјото име е наш дом. Запомнете, ако сте се упатиле на погрешен пат, Бог дозволува да направите целосно свртување. Различни празници со различни обичаи. Не можеш да уништиш или прекинеш некој обичај туку помогни му во извршување. Не го навредувај затоа што тој е поразличен од тебе па ниту еден лист од дрво не е ист. Ти за разлика од мене имаш друг идентитет , но тоа не значи дека си различен во друго од мене. Пред се ние сме луѓе. Да ја покажеме тогаш човечноста да се прифатиме, да си ги запознаеме културите, да ми дојдеш на празник и јас да го почувствувам твојот празник. Живееме во демократско општество во кое се започнува од нас самите. Да создадеме спокоен живот за нас и нашите деца,внуци..

- Не сакам веќе да слушам за пролеана крв, за уништување, распаѓање. За секој проблем постои решение. Во својот живот личноста бидува, постои, и без престан зема нови ликови, се стреми кон она што се уште не било - кон иднината. Но штом во еден миг ќе ја достигне, едновремено ја преставува сегашноста и ја остава во минатото. Град без ѕидишта е рајот на земјата. Човекот постојано се труди да изгради, зачува и постигне нешто во животот, во своето општество, т.е. во својот град. Нема непотребни солзи пролеани, омраза туку разбирање. Музиката нека е единственото нешто што ќе се слуша од моето радио. Никогаш да не се предадеме и дланките секогаш да ни се споени. Со зимата да не го почувствуваме и студот.

**Марија Савевска**
**Националност: Македонка**
**Година: III**
**СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово**



**Животот на младите во меѓукултурното општество (пораки за пријателство)**

На секој човек во животот потребно му е да најде некоја посебна личност, било да е машко или женско, личност со која ќе ги споделат сите свои моменти, било да се убави, среќни, весели или пак тажни, неиздржливи, трагични. Беше декември, не се сеќавам точно на датумот само знам дека времето беше катастрофа. Цела вечер врнеше силен дожд. Се слушаа грмежи на сите страни, не можев да заспијам од вревата што беше надвор од невремето, се превртував на сите страни како да се борам со најстрашното суштество на светот. Само што најдов мир и дремнав го слушнав гласот на сестра ми а потоа силен троп на прозорецот. А звуците доаѓаа од собата каде што спиеше таа. Целата се стресов ја фрлив перницата што ја имав ставено до мене и истрчав да видам што се случило. Само што стигнав до првата скала се изгаси светлото а јас се вкочанив, се свртив зад мене но немаше никој. Истрчав да ја запалам ламбата но попусто а и DVD - плеерот кое што светкаше без престан дење и ноќе беше исклучено. Сфатив дека снемало струја. Го зедов телефонот, го вклучив и се стрчав веднаш во собата кај сестра ми. Ја отворив вратата но не можев да турнам бидејќи нешто тешко имаше зад неа. Турнав посилно и што да видам. Телото на сестра ми беше испружено зад вратата. Здивот ми застана, го насочив телефонот кон неа а таа беше побледена, телото и беше ладно а раката и беше облеана со свежа крв. Одеднаш ветерот почна уште посилно да дува а завесата од скршениот прозорец почна да се ниша. Срцето ми блокира не знаев што да правам бидејќи бев сосема сама. Седев така беспомошна околу 10 минути, и конечно добив мрежа во телефонот. Завртив 194 и чекав. Одеднаш се слушнаа сирени низ градот. Ја отворив вратата излегов на балкон и ја забележав амбулантната кола. Веднаш четири лица се стрчаа кај нас. Им отворив без збор да кажам а тие се качија во собата на сестра ми. Ја ставија на лежалка и ја однесоа во комбето. Се качив и јас со нив. Устата ми беше како залепена и не дадов одговор на ниту едно прашање. Стигнавме во болницата и сестра ми ги отвори очите конечно а јас уште повеќе се исплашив се чувствував како најбеспомошното суштество на светот. Сестра ми ја однесоа во една соба каде не дозволуваа посети а јас останав сама во еден агол на ходникот. Седејќи така исплашена за да се смирам станав да земам чаша да се напијам вода. Одеднаш некој ме фати за рамо колената почнаа уште посилно да ми се тресат, се свртив полека и ја видов мојата најдобра другарка. Бев пресреќна, почнав да плачам гласно од среќа, таа силно почна да ме гушка и да ме теши. Ми велеше дека се ќе биде во ред. Во моментот се сетив колку е добро да имаш пријател, вистински пријател кој не те напушта никогаш. Пријател кој што те трпи кога си тажен, кога си здодевен, кога си нервозен. Се сетив како заедно го градевме светот на нашите мали тајни и светот на нашето пријателство. Иако долго време беше поминало откако се разделивме, јас тргнав на една страна таа тргна на друга страна. Иако немав ни тронка надеж и мислев дека сум изгубена, залутана низ лавиринтот таа се појави. Се појави кога ми беше најтешко, кога смртта ми беше помила од животот. Во овие моменти на тага, мистерија, загриженост и мрачност се појави таа за која се надевав дека ме има

заборавено, се појави со нејзината светлина како свеќа да свети, дојде кај мене кога во мене стануваше мрачно. Кога се чувствував најпониженото суштество на светот. Таа ме дигна и ми го покажа патот на овој темен хоризонт на лаги кој што е потемен и од најдлабокото место во адот. Ме научи да ги ценам правите вредности. Во тој момент полн со емоции немав ништо да и кажам освен силно да ја гушкам. Веднаш се слушна гласот на докторот. Ми рече да не се грижам бидејќи сестра ми не е во животна опасност и раните што ги имала направено со жилетот не биле толку длабоки но изгубила многу крв. Бараше име на родителите или на некој близок. Јас се засрамив. Ми беше срам да кажам дека таа што требаше да ја викам мајка не напуштила уште како малечки а татко ми е во затвор бидејќи правел транспорт со дрога и има казна цели 27 години. Тогаш се слушна гласот на другарка ми. Го кажа името и презимето на нејзината мајка, нивниот телефон и нивната адреса. И бев многу благодарна што ме спаси од срамот. Излеговме заедно на свеж воздух и веднаш дојде полиција. Ме бараа мене. Ме однесоа во станица да ме испрашуваат. Јас одговорив се што знаев бидејќи тогаш дојдов при себе. Прашаа за сопругот но реков дека не знам и дека два вечери не спиеше дома. И така си заминав кај другарка ми бидејќи немав никого. По неколку недели излезе сестра ми од болница но не сакаше да одиме кај нас дома бидејќи се плашеше од спомените. Дојде мајка и од другарка ми и не однесе со нејзиниот автомобил кај нив дома а зад нас идеше полиција. Сестра ми беше цела во шок а јас не сакав да се одделам од неа бидејќи ми остана само таа. Тогаш полицаецот ме замоли да ги оставам сами за да праша за ситуацијата а јас реков дека ќе излезам. Излегов надвор но не можев да се воздржам па застанав до вратата да прислушувам. Тогаш се слушна гласот на сестра ми плачејќи кажуваше дека е бремена а сопругот кој и значеше се во нејзиниот живот ја напуштил поради друга жена односно поради нејзината другарка. Во моментот кога дознала дека е бремена и кога сакала да му ја соопшти веста до креветот имало писмо и кога го прочитала сфатила дека нема за што да живее и решила да го одземе животот. Јас целата се стресов, низ кожата како да ми минуваа струи. Си помислив како може да има толку бездушни суштества низ светот и колку среќа имам јас што имам толку добра другарка што ме прими да живеам кај неа и што знам дека никогаш нема да ми наштети. Но мајка и на другарка ми рече да не се грижиме за ништо бидејќи сега сме сите безбедни а другарка ми цело време ме тешеше и не се делеше од мене. Се чудеше како сум била толку храбра да издржам толку големи искушенија.



Од тогаш минаа 11 години. Јас сега станав тетка и тоа по втор пат бидејќи сестра ми се омажи за еден богат бизнисмен кој знам дека е многу добар човек и пред две недели им се роди машко бебе така да мојата слатка внука доби братче а јас за прв пат се чувствував возрасна. Тие сега живеат сами во Берлин а јас живеам во Минхен со единствената жена на светот која беше многу добра со мене и која заслужува да ја викам мајка и со мојата најдобра другарка која ми стана поблиска од сестра ми и ја сакам повеќе од себе. И не сакам никогаш да ме прашува зошто ја сакам толку и зошто никогаш нема да речам дека нашето пријателство беше грешка бидејќи таа е единствена личност што заслужува да ја сакам и многу повеќе. А јас сфатив сега дека “Вистинското пријателство се познава во неволја".

**Асмира Демироска**
**Националност: Албанка**
**Година: II**
**СОУ „Нико Нестор“ – Струга**

## Сплотени сме посилни

Постои простор, а во него време кое зборува низ измаглините на постоењето како слеп патник кој со допир ја чувствува болката на виножитото. Тука и овде, некогаш и сега живеам јас, сте живееле и вие носители на родот кој остава пород за да гради, создава и надградува, но некој и за да руши и уништува.
Во сите времиња и на сите простори постоеле и постојат судири како предизвик за исполнување на нечија цел, желба, афинитет, кои многу често преминуваат во крвопролевања и страдања, оставајќи лузни врз лицето на планетава и во душата на милиони луѓе. Зошто? Зошто отсекогаш ги имало, ги има и ќе ги има стереотипите на нашава планета?!
Зошто едно невино суштество кое што сеуште е во период на созревање, градење на сопствената личност и размислувања, да го погледне светот во кој што се наоѓа, со болката на пајакот во сопствената пајажина?
Дали некој за момент се запрашал за да сфати дека сите имаат право да ги задржат своите обичаи, погледи на култура и размислување. Дека секој има право да го гледа светот со своите очи. Да се дружи и да остварува контакти со оној на изглед поразличен од него. Нели е крајно време на младите да им се објасни дека сите, без разлика какви сме, имаме чувства и можеби не сме истомисленици, но сигурно се бориме кон една иста цел. Дека ние младите, заедно можеме да ги уништиме сите предрасуди кои што постојат.
И дури тогаш ќе му покажеме на светот дека можеби не го имаме неговото искуство, но благодарение на енергијата и здружувањето полека полека ги градиме темелите на една цврста основа врз која ќе продолжиме да се движиме, оформувајќи се како личност.
Младоста – единствена надеж на денешната цивилизација. Симбол кој правилно размислува. Можеби греши, но и тоа е дел од созревањето. Без разлика на сето тоа, и покрај големиот товар на времето само по себе, младите успеваат, сплотени се, и делумно го исполнуваат она што се очекува од нив.

**Симона Колоска**
**Националност: Македонска**
**Година: II**
**СОУ „Д-р Ибрахим Темо“ - Струга**



## Јас и мојот пријател

Петар за мене е турско кафе. Толку многу сум навлечена на него, што не верувам дека некогаш ќе се промени тоа. Има кафени очи кои, обично, се првото нешто што го гледам наутро. Ама има такви кафени очи како ништо друго на светот. Кога гледа во мене стануваат потемни, ми се чини црни. Кога гледа во сонцето имаат медова боја, а околу ирисот секогаш се со боја на кафе, турско кафе. Носи куса брада и има лузна над десната веѓа. Усните му се меки и невообичаено прекрасни. Тело – Бог! Петар...

***Пред четири месеци***

Нормално утро. Полна Волгоградска. Сонце препекува, бели облаци развлечени како памук, расонети и разгаламени соседи, кафе, чај, сеуште отворена шахта пред влезот на чичко Љупчо, нашето југо паркирано под најголемата липа, и секако рашмрљано од цветовите на истата и сите останати липи, јас и Семра на нашиот велосипед. Обично, Семра ме вози. Јас сум полесна? А да, и Гроф сам дома. Зошто Гроф не оди со нас на кафе? Зошто Семра толку го мрази? Па тоа е само обично кученце. Добро, куче. Ротфајлер со свежо лакирани нокти со црвен лак. А толку многу е мило. Добро, и крупно... Кога ќе погледнам подобро, Семра многу работи мрази. Жолтата шолја што ја доби на подарок за Св. Валентин зошто е претерано жолта, утрата зошто многу рано почнуваат, липите зошто се без осет, југото зошто гаси секогаш кога треба да оди баш Семра на работа, големото „макијато“ зошто е скапо, чичко Менде зошто има селско име... И за сè ја разбирам, ама зошто и Гроф?

Возевме кон *Casablanca.* Семра управуваше со воланот и ги вртеше педалите, како и секогаш. Јас седев одзади и и досаѓав, како и секогаш.

„Знаеш дека вчера шест пати те бараше Адис, и исто толку пати кажа да му се јавиш?“ – ја прашав ноншалантно. – „Добро утро“ – го поздравив чичко Менде, исто ноншалантно.

„Ај жити се, Менде го поздравуваш.“ – прокоментира Семра.

„Па што има врска?“

„Па сè си има врска!“ – ми се насмевна Семра, по што лесно ја треснав по главата. Ноншалантно...

„Еј, знаеш дека вчера дојде Ијан да побара кафе? На врата, динг-донг, добар ден, добар ден... Другари му дошле.“ – и раскажував.

„Е како не, другари. Тој е „геј“, слушај што ти кажувам.“

„Ај и со тебе не се прави муабет...“ – се откажав.

„Ти знаеш дека имаме нов потстанар? Баш под нас!“ – Семра.

„Еј?“

„Да, да...“ – сврти Семра по уличката на *Casablanca.*

Се уфрливме на шанкот и нарачавме две турски. Се знае што е најевтино. Имаат нов келнер. Фала Богу, имаат легитимации на џепчињата, па Семра се сконцентрира на името.

„Седнете си, ќе ви го донесам кафето.“ – се насмевна новиот.

„Тука ќе го почекаме...“ – ги собра очите Семра зјапајќи на левото џепче – “...Петар!“ – му се насмевна.

„Во моето и млеко стави. Малкуцка“ – се вклучив и јас.

„Немаме млеко.“ – ме погледна со гримаса Петар.

„Имате. Ти нов си, јас не!" – настојував за млекото.
„Ти 'фрли' око Сања, мали!" – бараше пари Семра во паричникот.
Се усрами како прв пат да го слуша 'фрли око'. Сѐ сѐ, ама не 'фрлив око'. Само му се насмевнав.
„Пушите цигари?" – самоуверено почна разговор Петар.
Јас и Семра се погледнавме и само климнавме со главите.
„Супер. Може да ви се придружам?" – нѐ праша.
Е тогаш му ги забележав очите. Кога успеав сама на себе да си ги опишам, 'фрлив око'.
„Тогаш, три турски. Две без млеко, третото со малкуцка млеко, а?" – ја потпрев раката на шанкот. Ноншалантно..
„Еј полека, јас плаќам." – тропна со ноктите Семра.
Не се случи кафето со новиот Петар зошто стварно е нов и не може да се занесува на работа. Нов е. Јас и Семра седнавме да го испиеме сами.
„Леле Сања, вчера во автобус. Значи, луѓе, врие. Гужва, гужва... Панаѓур!



Јас фраерка, нема да плаќам карта. Влегувам, како тебе, ноншалантно. Се возам, се возам. Баби фрчат, исфенирани госпоѓи вриштат, господа со усмрдени јакни од цигари, разгаламени дедовци... И сега, една автобуска пред да се симнам, влегува контрола..."
„Знаев!" – ја прекинав...
„Црева ми се превртеа. Што да лажам сега? Бурички во ташна нешто, буричкам, како божем ја барам слободната. Аааааj, сум ја заборавила... Кога почна да ми вика во лице, да се дере... Како што бев изнервирана што југото не запали и сум принудена со автобус да се возам, јас кога почнав... Лом се направивме... Не знам што не кажав и докажав... Уште три автобуски продолжив. Откако раскинав со Адис немам така викано."
„О, леле. Не си во право, па уште викаше?" – ја слушав со насмевка.
„Јас немаше да викам, да не почнеше тој... Како божем само јас немав карта."
Разговаравме за вообичаени теми. Јас не знам зошто јас и Семра одиме на кафе надвор, кога заедно живееме. Навика(: Можеме и Гроф да почнеме да

го носиме.
„Не не, ти не си нормална! Дома цел ден го гледам и уште на кафе!?“ – се очекуваше реакцијата на Семра.
Ќе ја убедам некако. Некако...
Пред да си одиме, мислам, после четири часа, ни се придружи Петар.
„Конечно се ослободив...“
Интересен бил овој Петар. Постојано зборува. Чекај, не беше срамежлив ти, Перо? Пуши како Турчин, една по друга. Јас и Семра испушивме една. Па да не беа тие цигари, Петар немаше да седне на кафе со нас. После неколку недели, недели и недели, видов дека јас сум вљубена во него. Не, тоа беше само моја илузија. Кафе илузија.
Јас и мојата Семра стигнавме дома... Волгоградска. Во мојот капут ливче: „Намини на кафе. Петар (:“
Е, затоа одиме надвор на кафе. Фала, Семра!

**Сања Дуковска**
**Националност: Македонка**
**Година: III**
**СМУГС „Др. Панче Караѓозов“ - Скопје**

**Пријателството е најголемо богатство**

Дали може да го дефинираме поимот “пријателство”? Не можеме. Пријателството треба да се доживее и да се почувствува. За пријателство имаме многу пишани и непишани сознанија од кои што дознаваме од разни книги и кажувања од постарите. Постојат повеќе видови на пријателства, како што се другар со другар, другарка со другарка, меѓу човекот и животните, меѓу човекот и книгата, природата... Од сите овие видови пријателства ми остана по некој пријател, но во повеќе случаи некои од пријателите независно од моја волја и желба не ми се достапни кога ќе посакам. Таков е случајот со мојот стар пријател, кучето Локи, кое ме искаса и по неколку дена избега.

Пријателството доаѓа во различен животен период. Пријателството се стекнува и се негува, се стекнува од рани детски возрасти, па преку училиште, работа, старост... Пријателите треба да се почитуваат. Во било кој момент дали е добар или лош, треба да се биде до пријател и да му помогнеме колку што можеме повеќе. Основен темел на секое пријателство е искреноста и довербата. Доколку се почитуваат овие правила секое пријателство подолго трае. Човекот постојано се стекнува со нови пријателства и колку повеќе пријатели има, толку е побогат и позадоволен со самиот себе и со своите пријатели. Ја прочитав некаде мислата на еден умен човек дека старите пријатели не треба да се губат, доколку не можеме да им помогнеме, не треба да ги заборавам. Всушност, во мојот случај тоа е реалност. Има периоди во мојот живот кога сум тажна или среќна, поради лоша оценка, кога сум болна, кога правам роденденски забави, излегување со другарите... Секогаш овие моменти ги споделувам со моите нови пријатели, но не заборавам да ги поканам или пак да споделам некоја случка со старите пријатели.

Јас често пати размислувам за оваа мисла и ја почитувам затоа што и старите и новите вистински пријатели, со искреност и доверба, засекогаш остануваат пријатели, достапни во секое време и на секое место.



**Ива Томовска**
**Националност: Македонка**
**Година: I**
**СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово**

**Пријателство без граници**

Утринско кафе. Друштвена насмевка и една пријателска прегратка која ти влева сила за почеток на уште еден нов ден. Има ли нешто поубаво од тоа? Животот носи многу убавини, но една од најпрекрасните нешта што може да му се случи на човека е вистинското пријателство. Некогаш потрагата по таквата скапоценост знае да трае и цел живот, но на луѓето кои цврсто и безусловно веруваат во тоа, им се случува сега и овде. Тоа е една врска која започнува и живее во срцата на пријателите, тој оган кој пламти во нив не може да го изгасне ни водата, ни ветерот, тој е создаден да дели насмевки. Сите големини и богатства на овој свет не вредат колку што вреди еден добар пријател кој знае како да го исчисти отровот од твојата душа кога си отруен или да го извади трнот од твоето срце кога си повреден, на кого можеш да му се јавиш во било кое време знаејќи дека ќе бидеш сослушан. Некој на кого целосно му веруваш, некој со кого можеш да ги дофатиш сите висини без страв дека ќе паднеш. Некои ќе речат дека ваквите пријателства ги има само во бајките и на филмовите, но не е така. Ги има и овде, на Земјата, меѓу нас.

Ана и Аида се пријателки од кога знаат за себе. Уште од најраното детство беа посветени една на друга. Заедно правеа скоро сè. Додека другите деца се делеа на вакви и такви, за Ана и Аида ништо не беше важно, ниту раса, ниту вера, напротив тие многу се почитуваа, а тоа што потекнуваа од различни семејства со различна традиција им беше многу интересно. Понатаму низ времето, како што течеше животот, така се создаваше нивното пријателство. Со секој нов ден беше се поцврсто и поцврсто. Можеби постоеја денови кога ќе се повредеа, но и ќе си простеа, бидејќи ничие пријателство не е совршено, а не беше ни нивното, но нивното беше вистинско. Сите тајни, симпатии, озборувања се делеа меѓу себе. Се подржуваа до последен миг. Но, животот е суров, а времето и обврските налагаа да се разделат. После матурата судбината ги однесе на различни патишта низ животот. Ана отиде да студира во друг град, а Аида замина во странска држава. Секојдневните обврски и проблеми, новите животни планови се повеќе им одземаа од нивното пријателство, или барем така се чинеше. Контактираа од време на време, ќе се видеа од година на година, ќе си раскажеа по нешто за соништата, и два - три збора за секојдневието и повторно се разделуваа.

Но, една премногу студена зима, во екот на новогодишната еуфорија, еден судбоносен телефонски повик на Ана сакајќи да го слушне милозливиот глас на својата другарка и да и ја честита Нова Година, таа ќе дознае нешто страшно. Нејзината другарка се наоѓа во тешка состојба, итно и е потребна трансплантација на коскена срж. За жал, досега не нашле таква која и одговарала. Кога го слушна ова Ана, срцето почна забрзано да и чука, капки пот се лизгаа по челото, очите и беа полни со солзи. Се наоѓаше во невиден хаос. Помислата да ја загуби својата другарка ја ужаснуваше. И тогаш некаква идеја и прелета во мислите - Што ако мојата и одговара? - си рече. Го зеде пасошот, заштедените пари за одмор ги искористи за да го резервира првиот лет за Виена. Летот не траеше долго, но за Ана тоа беше цела вечност, цело време ја мачеа некакви чудни соништа, во душата

чувствуваше болка, огромна, неподнослива. Кога стигна во Австрија, отиде во болницата каде што се наоѓаше Аида, веднаш побара да ја види, но не и дозволија, била во многу лоша состојба. Најбрзо што можеше сакаше да го даде својот придонес за неа, ако е во можност таа да и помогне. Докторите ја испитаа, и и соопшти ја, дека може да и помогне, но треба таа да размисли и да се согласи на тоа. Ана без двоумење кажа дека сака, и нема за што да размислува. И дадоа да пополни некои документи, и таа го направи она што беше во нејзина моќ. Остана во Виена онолку колку што и беше потребна на својата другарка. Се радуваше на нејзиното закрепнување. Секој нов ден поминат заедно за нив претставуваше огромна радост, како да се вратија назад во оние денови.

Една убава, тивка вечер седеа на терасата од станот на Аида, и ја набљудуваа прекрасната Виена. Со шолји чај во рацете, се чувствуваше пријателската топлина меѓу нив, како некогаш. Молчеа, а сепак им беше удобно во тие мигови, се додека Аида не ја расипа тишината:

- Многу ти должам - рече
- Ништо не ми должиш, само вечно пријателство - и се насмевна Ана.
- Ми подари нов живот, тоа е многу, беше тука во најтешките мигови...
- Аида, тешките времиња не траат засекогаш, затоа се тука пријателите да ги направат полесни, кои пак остануваат пријатели засекогаш.

Се прегрнаа. И останаа уште долго време на терасата уживајќи во меѓусебното присуство, во прекрасниот поглед над градот. Месечината се расфрлаше со својот сребрен сјај, а ѕвездите како мали трепкачи кои силно светкаа ја надополнуваа убавината и величественоста на таа ноќ, на тие моменти, на овој краток живот.

**Кристина Бушеска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СОУ „Нико Нестор“ – Струга**



## Јас и мојот пријател

Пријателството е магија која се раѓа во душата на Универзумот. Претставува најголемото Божјо чудо. Оние личности кои ги нарекуваме пријатели се всушност ангелите кои Универзумот и Небесата ни ги праќаат во нашиот живот за да ни подарат светлина на нашиот пат,хармонија на нашите мисли и среќа која ќе ја исполни нашата душа. Никој не е остров сам за себе. Никој не може да живее без пријателите - тие се оние кои ни помагаат да чекориме низ немирната бура наречена живот. Понекогаш кога сме тажни и кога едноставно навираат солзи во нашите очи, потребно е само нашите пријатели да ни подадат рака, што би значело: Нема да ги пуштам твоите раце се додека не ти затребаат за со нив да можеш повторно да му аплаудираш на животот. Не е потребно многу за да се биде среќен, но е од особена важност да во животот пронајдеш некој кој во потполност те разбира - ги разбира твоите несреќи и го придружува твојот плач или ја чувствува твојата среќа и искрено ја споделува. Пријател е онаа личност на која не и е потребно да праша како си бидејќи гледајќи ги твоите очи гледа и низ твојата душа и таму, таму може да го допре јазолот на тагата кој како сидро се чини дека може само подлабоко и подлабоко да ја потоне душата во широчината на океанот од солзи или пак да го допре ѕвездениот блесок на магичната среќа која ја исполнува твојата личност. Со право велат дека пријателите се семејството кое го избираме. Вистинските пријатели се дијаманти - толку се ретки и особено е тешко да се пронајдат, но откако еднаш ќе ги пронајдеме треба да го градиме пријателството секојдневно, да се погрижиме да никој и ништо не може да го уништи. Во суштина, не постои таква сила која би ја разурнала како ураган цврстината на вистинското пријателство. Верувам дека сеуште постојат луѓе кои со полно право заслужуваат да бидат наречени наши пријатели - тоа се оние на кои не би им пречело да жртвуваат се, па дури и по цена да се повредат себеси, не размислувајќи двапати и не гледајќи на ваквата постапка како на жртвување, туку сфаќајќи ја како сосема природен акт на пријателство. Важни се оние пријатели кои во миговите кога ќе задува студен ветар во нашиот живот, тие ќе го запалат огнот на пријателството за нас. И најважно од се, не треба да се обидуваме да ги смениме луѓето и нашите пријатели. Убавината е во тоа што сите сме различни, единствени и неповторливи и заедно, обединети во нашите разлики можеме да направиме промена во светот ако меѓусебно се разбираме и си подадеме рака.

Вистинските пријатели се оние кои без разлика на растојанието и времето, продолжуваат секојдневно да се борат за никогаш да не згасне огнот кој го грее нивното пријателство и искрата на светлина која блеска во нивните души. Бидете искрени, бидете она што сте, не менувајте се, ценете го ова чудо наречено пријателство и верувајте во моќта која ја поседува бидејќи верувајќи и обединувајќи се можеме заедно да ги поместиме и планините.

**Сандра Ефтимовска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СМУГС „Др. Панче Караѓозов“ - Скопје**

**Меѓусебните разлики на ентитетите - цивилизациска придобивка**

Која е целта на човековото живеење? Дали е за да го докаже своето постоење на Земјата или за да создаде заедница, во која би се заштитил човечкиот идентитет, би се покажало националното единство и би била поддржана културната разновидност. Клучот на градбата на човековиот идентитет е социјализацијата и творечката моќ на културните меѓусебни разлики на ентитетите.

Како и луѓето, така и ентитетите се борат за свое место под Сонцето. Ако постои некој ентитет што не се реализира доволно, или пак доминира над другите, доаѓа до дебаланс на системот. Тоа може да се случи од чиста ароганција, но и како бегство или излез од моменталната опасност по ентитетот. Но ако разликите помеѓу нив се идентификуваат и спознаат, можат да се вградат во светот на мултиетничката хармонија.

За да придонесат кон подобрување на меѓусебните односи и кон запознавање и полесно прифаќање на меѓусебните разлики, за младите од различните етнички заедници, развиените демократски општества организираат: обуки, едукативни работилници, спортски настани, поетски натпревари и други форми на мултикултурно живеење.



Ваквото дружење, учење и соживување со вредностите на различните ентитети им помага на младите луѓе во подобрата комуникација, соработката, дијалогот и вклучувањето во општествениот живот. При тоа, соединувањето на вредностите на доверба и толеранција меѓу различните ентитети се олеснува решавањето на важните политички, социјални и економски проблеми.

Културната хетерогеност и верскиот плурализам на нашиот народ придонесува до создавање на еден меѓуетнички дијалог, мостови кои се издигнуваат над верските, религиските и јазичните бариери. Етничките ентитети се цивилизациска придобивка со свои доблести и културни обележја кои се за почит. Разликите меѓу нас не го продлабочуваат индивидуализмот, туку помагаат во создавање на едно мултиетничко единство, во кое владеат солидарноста, правото на автентичност и посебност, толеранцијата. Просперитетот, оптимизмот, амбициите, желбата да се постигне нешто повеќе, претставуваат основен двигател во

човековиот живот. Тоа може да го постигне само преку остварување на симбиотичка врска во својата природна средина во која егзистира.
Младите во мултиетничките средини се повеќе се вклучуваат во заедничкиот живот .Заедно одат на кафе, учат во исто училиште, се дружат. Во тој живот, човекот како самостојно и независно битие, успева во создавањето на демократско општество, во почитувањето на фундаменталните слободи.
Со почитување на правилата за соживот, кои се темелат на признавање и уште повеќе на разбирање, дијалогот во општеството станува темел на подвижност, динамика и напредок.
Спознавањето на разликите има витална важност во охрабрувањето за испраќање пораки за толеранција, сочувство, солидарност, интеракција, социјална кохезија и меѓусебно разбирање помеѓу ентитетите.
Склопот на цивилизациското добро, на спознавањето и сознанието се отсликува и преку призмата на цитатот од Платон:
*„За мене, на крајот во областа на сознанието е идејата на доброто и таа одвај може да се види. Но штом ќе се здогледа станува јасно дека таа е причина на сето она што е правилно и убаво, дека во видливиот свет таа ги раѓа светлината и нејзиниот владетел, а во мисловниот свет самата е владетел, таа ги дава вистината и умот. Според тоа, неа треба да ја види оној кој сака да постапува разумно и во својот личен и во општествениот живот“.*

**Александар Браноски**
**Националност: Македонец**
**Година: II**
**СОУ „ Д-р Ибрахим Темо“ - Струга**

## Јас и мојот пријател

Човечкиот живот нема никаква смисла ако сам за себе вирее како единка. И Адам ја имал својата Ева. Навистина е тажно и бедно да живееш без партнер. А партнерството на прво место го подразбира другарството. Другарството е основен камен темелник помеѓу две личности. Сиромашен е оној човек кој не знае да другарува. Не можат да се замислат ниту детските ниту младешките денови без другарувањата и другарите кои оставаат траен белег врз секоја личност. Секогаш имаме некој со кој можеме скриено да потшепнуваме, да ја споделиме радоста на доживувањето на првата симпатија,првата љубов, првото разочарување. Нашите успеси, нашите неуспеси се дел од нашите најдобри пријатели. Сите падови и успони тие се спремни да ги споделат со нас. Нивната поддршка и нивното разбирање е ненадоместливо, придобивка е за секој човек кој има вистински пријатели. Многу такви другарувања започнуваат во градинките, во училишните клупи, спортските терени. Тие треба трпеливо и нежно да се негуваат за да живеат и да траат за цел живот. Среќни се оние луѓе кои формирале такви врски. Затоа почитувајте ги вашите пријатели, а вашето вистинско и искрено пријателство чувајте го како зеницата на вашето око.

**Сања Ѓорѓиоска**
**Националност: Македонка**
**Година: II**
**ОСУ „Мирко Милески“ – Кичево**



**Промовирање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите во Македонија**.

Со првото тапо отчукување на стрелките на часовникот, со првото јасно и сигурно биење на човечкото срце, со првата појава на боговите, сонцето и цивилизацијата се раѓа ден и за нашата татковина, Македонија. Стара колку каменот, под своето парче небо под закрила го зема Македонецот, Албанецот, Турчинот, Влавот... Нејзиното сонце преку ден и месечина преку ноќ дарежливо ги подаваат своите раце однесувајќи се заштитнички кон сите нејзини жители.

Да не била проклетата јаболка на знаењето во рајската градина, можеби сите ние би се викале со едно име - жители на планетата земја, можеби би немало разлики во националното декларирање на луѓето. Но, јаболката е вкусена и индивидуализмот кај секој од нас е нескромно издигнат.

“Големината на еден народ не се мери со неговата големина, како што големината на еден човек не се мери со неговиот раст” – ќе рече Виктор Иго и се чини алудира токму на народот македонски. Да, тој е малкуброен. Можеби дијамантите да не се во толку мал број би ја немале истата вредност која ја поседуваат денес.

За македонскиот, се вели, е еден од најубавите народи, од оние со најдлабока историја и најширока култура. Албанецот пак, е познат по својата солидарност кон ближниот и сочувство кон блискиот. Влавот е надарен со работливост, чесност и неѕиркање во туѓиот двор. Ромите ги кити песната и музиката која несебично и со уживање излегува од нивното срце... И како парадокс на сето ова, доколку прошетате низ “чаршиските сокаци” на Куманово ќе слушнете жалење за немање соживот меѓу сограѓаните. Тоа не е од преголемо почитување на сопствената култура и религија, туку напротив, поради непочитување на туѓата, а главна причина за тоа е нејзино непознавање.

Верувам дека ќе осамне ден за Македонија оној момент кога сите ние ќе си подадеме раце едни на други и над кама, револвер и знаме ќе се заколнеме на пријателство, почит и толеранција. Ќе се заколнеме во секојдневно кажување на “Добар ден“ едни на други и притоа искрено мислење и посакување на кажаното. Откако сите ќе станеме едно, а во исто време ќе си ги сочуваме корените, традицијата и обичаите, ќе се сплотиме и нашата моќ ќе нема крај затоа што сме силни одвнатре! Почитта не се стекнува преку ноќ. Таа се создава со осознавање на традицијата, начинот на однесување и размислување на другиот. Благосостојба, напредок, спокојство и секогаш разлеани усни во широка насмевка не се постигнуваат со одбегнување на местата каде живеат, работат или учат луѓе од друга етничка заедница, туку напротив, со нивно запознавање се проширува нашиот видик кон оформување на мислење за се постоечко, доживување на нешто ново и несекојдневно, пронаоѓање во истото.

За разлика од другите народи кои имаат “проблем со решавањето на етничката разнообразност“ и чие решение го гледаат во асимилаторски пристап кон појавата, Македонија во тоа гледа предност и со јасна цел ги признава народите кои живеат на нејзино поднебје, со признавање на нивните права на декларација според чувство на припадност, право на

вероисповед, право на говорење и образување на својот мајчин јазик. Тука се гледа големината и широчината на народот. Тука се гледа неговата човечност и користење на срцето не само како орган од животно значење, туку и како место каде се складирани емоциите - едно од нештата по кои се разликуваме од животните.
Примањето на туѓинец во свој двор, неговото прифаќање онаков каков што е, без барање за промена на личниот национален идентитет како олеснителна околност за домаќинот, е голема и од непроценлива вредност за еден народ. Слично како градина со цвеќе - колку повеќе е разнолика една држава толку таа е поубава, пооригинална, необична, несекојдневна и попривлечна. Онаму каде владее меѓусебно признавање и довикување по име, владее и задоволството, економскиот бенефит и безгрижната детска смеа. Тогаш, предлагам секој од нас да го признае и почитува ближниот! За посреќна Македонија!

**Крстевска Анѓела**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СОУ „Гоце Делчев“ - Куманово**



**Пријателство**

Животот претставува патека преполна со замки, стапици, падови и успеси. Тоа е книга што треба секој човек сам да ја пишува без да дозволи други да влијаат, бидејќи имаме само еден живот не смее да го направиме беден. Во текот на животот поминуваат луѓе добри, лоши но само вистинските пријатели остануваат засекогаш. Семејството не можеме да го бираме но пријателите можеме.

Беше сабота кога таа си заминуваше... Бев многу тажна што веќе нема да бидам со мојата најдобра другарка. Нејзиниот глас ме смируваше, беше со мене и во добро и во лошо, се штитевме една со друга никој и ништо на светов не можеше да го сруши нашето пријателство но ете дојде и тој ден. Забрзана отидов кај неа да се поздравиме за последен пат, се прегрнувавме и плачевме. Во еден момент татко и извика: “Ајде Асмира мора да тргнеме” во тој момент светот падна врз мене нозете ми се пресекоа. Ми рече: “ Немој, немој никогаш да ме заборавиш, нема ни јас ти си мојата сестра и те сакам најмногу на цел свет” со плачење влезе во колата, а јас целата облеана со страв и тага, тргнав да прошетам. Беше есен лисјата беа паднати и изгледаа како прекрасен килим како да е излезен од рацете на највештата ткајачка. Тој килим ја прекриваше Струга и, и даваше прекрасен изглед. Стигнав до мостот на поезијата кој ја дели Струга на два дела, ме тера да размислувам за минатото, сегашноста и иднината. Тука секогаш се наоѓавме со Асмира. Секој спомен ми создаваше се поголема рана во срцево, за која и самата бев свесна дека никој не ќе може да ја покрие. Се чувствував чудно не можев да се помирам со тоа дека таа веќе нема да е до мене. Му се препуштив на ветрот, тој тивко се спушташе на земјата свирејќи на волшебна флејта чиниш споулавен брза да се сплоти со есента. Создавајќи прекрасна мелодија. Ја обожавам природата тоа е мојата инспирација. Сребрени капки ми го облеаја телото, паѓањето на капките во водата ме освои бев толку вчудоневидена и возбудена од таа глетка сто за момент посакав да бидам сликарка па за четката и боите мојата глетка да ја преточам во прекрасна слика. Ах... Колку само сакам Асмира да биде тука со мене, заедно да се восхитуваме на совршените глетки и звукови кои ги создава природата. Станав и тргнав на кај дома благодарна на дождот сто ги сокри моите солзи. Никогаш не смееме да ги дискриминираме луѓето по облека, начин на живот, вера. Бидејќи убавината и парите се пролазни ,а срцето и душата што те сакаат се вечни. Да нагласам мојата другарка е муслиманка но тоа не ме спречува да ја сакам со целото мое срце. Да сакаш некого со неговите мани и недостатоци тоа е човечност. Има многу лицемерни особи затоа пазете се и придржувајте се до тоа што го рекол народот: “Се што лета не се јаде“.... А таа, таа секогаш ќе живее во моето срце, иако е далеку ја чувствувам нејзината блискост, а кога ќе се врати јас ќе бидам тука за нејзе бидејќи таа е мојата НАЈДОБРА ПРИАТЕЛКА!

**Кристина Блажеска, Васко Маркоски**
**Националност: Македонци**
**Година: II**
**СОУ „Нико Нестор“ – Струга**

**Различни, но слични – заедно посилни**

Срекаваме многу личности во нашиот живот, но ретко која од нив е човек. Имаме многу пријатели, но ретко кој од нив е другар. Не знаат многу луѓе, но ретко кој од нив навистина не познава. Не е се во бојата на кожата, ниту пак е во верата, туку во душата. Денес, на некои места младите од различните култури не сакаат ни да се погледнат, а камоли да зборуваат. Денес не им е важна душата на човека, туку им е важна положбата. Не им е важно другарството, подобрувањето на комуникацијата и стекнувањето на нови пријатели и од другите вери и народи,туку им е важна материјалната состојба и моќта. Наместо да се дружат - денес се караат, тепаат, се одмаздуваат. Се надевам дека светот ќе престане да гледа во материјалните добра и ќе почне да гледа малку отстрана, од друга перспектива. Во овој есеј, зборувам за едно ретко, но вистинско пријателство.

Беа две најдобри другарки – едната христијанка, другата Турчинка. Беа неразделни- се што правеа правеа заедно и им служеа за пример на другите. Нивното другарство беше поголемо отколку што се чинеше дека е: немаше тајни, скриени работи, караници... Секогаш беа насмеани и ширеа позитивна енергија каде и да беа. Луѓето едноставно многу ги сакаа. Едната беше богата, другата сиромашна. Едната обожаваше животни, другата книги... Но нивното пријателство никогаш не згасна. Беше како ѕвезда што сјае вечно на небото. Кога едната славеше Божиќ, другата одеше и и помагаше и обратно – кога другата славеше Бајрам, оваа и помагаше. Нивните семејства немаа ништо против ова другарство и многу се сложуваа меѓу себе, дека вистинско беше другарството меѓу нив, покажа и една случка...

Тукуштo започна летото. Одлучија за прв пат да се избањаат и да ја почувствуваат свежината на водата на реката која што течеше низ нивниот мал, но многу убав град. Пред да влезе во вода, Македонката прошепотила: “Турчин треска - мене леска.” Турчинката ја погледнала и се насмевнала не верувајќи во она што го слуша и и рекла: “А - ха, мене болест, а тебе здравје?” На тоа Македонката одговорила: ”Ох,драга моја другарке. Ова е поговорка останата од дамнешно време. Ме научи да ја кажувам баба ми секогаш кога нешто правам за прв пат. Но, не се однесува на тебе секако, туку на историјата. Цели пет века сме биле под турска власт. Ете, затоа е. Извини! Но ни баба ми, ниту тие пред неа не верувале дека некогаш ќе постои вакво пријателство – искрено и вечно”.

Покрај се, имаше и такви кои воопшто не сакаа да ги гледаат заедно, па правеа се за да ги разделат, но никако не успеваа. Кога увидоа дека никој ништо не им може, почнаа да им се восхитуваат и многу други да го следат нивниот пример барајќи ја својата сродна душа во луѓето од другите вери. Друштвата почнаа да се мешаат, престанаа сите тепачки и несакани инциденти. Наместо недоразбирања и конфликти - сега се прегрнуваа и зборуваа, давајќи совети и стекнувајќи вистински пријатели. Конечно почнаа да функционираат како едно.

А тие две, среќни што најпосле среќата им се насмевна, останаа другарки до крајот на своите животи. Двете отидоа по свој пат, но сепак не се одделија.

Двете беа среќно омажени - секоја од нив беше на свадбата на другата, беа со деца кои продолжија да се дружат следејќи го примерот на нивните мајки “на времето”.

Конечно сфатија дека пријателот е важен во душата,во умот,во разбирањето и помагањето,во давањето совети,а не во разликите, традициите, расите, боите на кожата. Конечно сфатија дека разликите се тие кои ги прават посебни и уникатни, тие кои ги прават целосни и тие кои ги дополнуваат. Она што им остана е надежта дека ќе продолжи ова меѓуетничко дружење и дека стекнатите пријателства нема да завршат.

**Кристина Алексиеска**
**Националност: Македонка**
**Година: II**

**СОУ ,,Д-р Ибрахим Темо“ - Струга**



**Јас и мојот пријател**

Живееме во 21-от век каде што сметаме дека дискриминацијата би требало да е сведена на минимум. Без разлика за каква дискриминација станува збор, расна, полова, национална или пак верска, сметаме дека треба да е искоренета. Треба да се мериме во знаење и ум, а не во материјалните добра.

За жал и во ова денешно современо време дискриминацијата е на загрижувачко високо ниво. За разлика од минатото и по кажувањата на постарите, родителите и професорите, би можело да се каже дека е во значителен пораст. Тие живееле во помирна средина каде што сите, вистински и реално, биле еднакви, другарувале, си помагале едни на други во секое време. Мултиетничкото општество во кое сега ние живееме и опстојуваме на овој или оној начин, ни наложува да гледаме со други очи кон нашите пријатели од другите националности и вероисповеди. На денешницава, медиумите – било електронски или пишани, разните организации и кампањи со разгласувањето и ширењето информации и дезинформации, си го прават своето. Ко со инка ни внесуваат непотребни факти и кажувања. Ако во една незначителна средина, децата или младите се однесуваат дрско и недолично, не мора да значи дека и останатите се однесуваат или би се однесувале под едни или други околности. Меѓукултурниот дијалог и меѓуетничките добри односи се градат врз доверба. Не се потребни зборови или некои фиктивни дефиниции со кои ќе се подобрат овие односи, туку дела и случувања со кои би се зближиле младите од сите групи. Јас, лично, имам многу добри пријатели од сите националности. Турци, Роми, Американци, Корејци, Албанци, но и со црна боја на кожата и со закосени очи. Јас знам дека во секој момент што и да побарам од нив, каков и вид помош да ми притреба, тие ќе дадат се од себе за да ми помогнат. А пак, меѓукултурните недоразбирања настануваат од неинформираност, од постоењето на погрешни мислења, стереотипи и предрасуди. Треба најпрво да започнеме од себе, треба да бидеме онакви



какви што сакаме да бидат и сите други луѓе и да бидеме промената што сакаме да ја видиме во светот. Пријателите се како ѕвезди, тие се тука, насекаде околу нас дури и кога не ги забележуваме. Покрај нас се токму кога ќе ни притребаат, во вистинскиот момент. Не е важно дали се црни, жолти, бели, важно е дека тие биле со нас во моментите кога нивната помош ни била најпотребна. Треба да ги чуваме како капка на дланка и да не дозволиме сонцето да ја исуши, или пак ветрот да ја одвее. Да не дозволиме да паднат како жолти листови во есен, но и да не дозволиме да не заслепат со "својата добрина", па по некое време да ја слечат кожувката како змијата после себе. Вистинските пријатели се најголемото богатство.
Ќе кажам само една мисла од големата  хуманистка Мајка Тереза: "Битни се малите нешта кои ги правиме за другите- обична чаша вода или покажување малку добрина. Не е битно колку даваме, туку со колку љубов го правиме тоа". После овие зборови, не е потребно ништо да се каже, само за крај ќе речам - Биди човек, и ќе бидеш сметан за ЧОВЕК!

**Верица Гаврилоска**
**Националност: Македонка**
**Година: IV**
**СОУ „Гостивар" – Гостивар**

## За Коалиција СЕГА

Коалиција на младински организации СЕГА е национална платформа на младински организации активна во полето на лобирање за промени во младинските политики, посветена кон подржување на младинскиот активизам, подобрување пристапот до информации и учеството на младите луѓе во активности за решавање на нивните проблеми. Коалиција СЕГА своите активности ги адресира во насока на иницирање и спроведување на законски регулативи со цел подобрување на животот на младите во Република Македонија.

Коалиција СЕГА даде значаен придонес во креирањето на Националната Стратегија за Млади на Р.М. и Акциониот План за имплементација на Националната Стратегија за Млади на Р.М. Во 2009 година подготви Алтернативен извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето во Македонија. Извештајот беше презентиран во 2010 година пред Комитетот за Правата на Детето при Обединетите Нации во Женева. Препораките од Алтернативниот извештај беа презентирани пред Комисијата за труд и социјална политика при Собранието на Република Македонија.

Во 2010 година, СЕГА спроведе национално истражување за Младинските трендови и младинското организирање во Р.М. Во своето седум годишното работење СЕГА има изработено голем број на публикации и прирачници и организирано голем број на семинари и обуки за подигнување на свеста за потребата од младинско учество како и застапување и лобирање за младинските потреби. Со цел да се зголеми учеството на младите во донесување на одлуки и креирање на политики, Коалиција СЕГА го поддржа процесот на формирање на Совети на млади во 6 општини во Р.М. Во насока на зголемување на информираноста на младите отворен е првиот Младински Информативен и Советодавен Центар ИНФО СЕГА. Од 2010 година СЕГА започна со активности преку кои се застапува за донесување на закон кој ќе го поддржи младинското организирање и младинското учество во Република Македонија.



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

005.575 (035)
316.625 (035)
32.019.51 (035)

ИЛИЕСКИ, Зоран
Прирачник за застапување и лобирање / [автори Зоран Илиески, Маја Иваноска Крстевска, Томислав Гајтаноски]. – Прилеп: Коалиција на младински организации СЕГА, 2010. – 57 стр.; илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот, - Библиографија: стр. 57

ISBN 978-9989-2893-6-1
1. Иваноска Крстевска, Маја [автор] 2. Гајтаноски, Томислав [автор]
а) Застапување и лобирање - Прирачници
COBISS.MK-ID 82279946

Оваа книга беше овозможена во рамките на програмата CIVICA Mobilitas, имплементирана од ЦИРа и финансирана од SDC. Сите наведени содржини претставуваат мислења на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и СДЦ